СМРТ НА ФАШИЗМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ!

ПОШТАРИНАТА Е ПЛАТЕНА ВО ГОТОВО

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 4 | СКОПЈЕ, 22 ФЕВРУАРИ 1946 | Год. II

Службен весник на Народна Република Македонија излегуе повремено. Ракописите се праќаат на адреса: Службен весник на Народна Република Македонија — Скопје. Ракописите не се враќаат.

Цена 5 динари од табак. Претплата за 6 месеци 135 динари, за една година 250 динари. Огласите се примаат по тарифата, објавена во Службен весник бр. 10/45. Чекова сметка бр. 83-109

16

У К А З
НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА МАКЕДОНИЈА

На предлог на претседателот на Народната влада на Македонија Лазар Колишевски и на основа чл. 2 од Законот за Народната влада на Народната Република Македонија, Президиумот на Народното собрание на Македонија уважава оставките на

2. **Љубчо Арсов,** досегашен министер на финансиите на НРМ и

2. **Страхил Гигов,** досегашен министер на индустријата и рударството на НРМ.

Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

Скопје, 11 февруари 1946 година

За Президиумот на Народното Собрание на Македонија

Секретар,

Д-р Борис Спиров, с. р. Претседател,

Методија Андонов-Ченто, с. р.

17

У К А З
НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА МАКЕДОНИЈА

На предлогот на претседателот на Народната влада на Македонија Лазар Колишевски и на основа чл 2 од Законот за Нродната влада на Народната Република Мкедонија, Президиумот на Народното собрание на Македонија именуе:

1. Првиот потпретседател на Нродната влада на НРМ, Љубчо Арсов и за претседател на Контролната комисија при Народната влада на НРМ;

2. За министер на внатрешните работи на НРМ-Цветко Узуновски, пуковник на Југословенската армија и член на Президиумот на НАРСМАК;

3. За министер на градежите на НРМ-Кирил Петрушев, доксегашен министер на внатрешните работи на НРМ;

4. За министер на индустријата и рударството на НРМ-инж. Георги Василев, досегашен министер на градежите на НРМ и

5. За вршител на должноста министер на финансиите на НРМ-Никола Минчев, министер на просветата на НРМ.

Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

Скопје, 11 февруари 1946 година.

За Президиумот на Народното Собрание на Македонија

Секретар,

Д-р Борис Спиров, с. р. Претседател,

Методи Андонов Ченто, с. р.

18

У К А З
НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА МАКЕДОНИЈА

На предлогот на претседателот на Народната влада на Македонија Лазар Колишевски и на основа чл. 2 од Законот за Народната влада на Народната Република Македонија, Президиумот на Народното Собрание на Македонија именуе за министер на финансиите на НРМ — Даре Џамбас.

Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

Скопје, 12 февруари 1946 година.

За Президиумот на Народното Собрание на Македонија

Секретар

Д-р Борис Спиров, с. р.

Претседател

Методија Андонов Ченто, с.р.

19

На основа т. т. 1, 2, 4 и 8 од Решението на Антифашиското собрание на народното ослободување на Македонија за конституисањето на АСНОМ како врховно законодателно и исполнително претставително тело и највисок орган на државната власт на демократска Македонија, во врска со чл. 3 од Законот за изменение и дополнение на горното Решение, и по предлог на Претседателството на Народната влада на Македонија и на основа чл. 6 од Законот за Аграрната реформа и колонизацијата на територија на федерална Македонија од 26. XI. 1946 година, — Президиумот на Народното собрание на Народната Република Македонија го донесува следниот

З А К О Н

За уредуене собственоста на земјишните поседи на сточарите, кои се занимаваат со номадско сточарене, во врска со спроведуенето на аграрната реформа.

Чл. 1 — Со цел да се запазат стадата на сточарите кои се занимаваат со номадско сточарене, а со оглед на нивното особено народно-стопанско значение во нашата Народна Република, при спроведуенето на аграрната реформа и внатрешната колонизација на нивните земјишни поседи ке се прилагаат одредбите на овој закон.

Чл. 2 — Земјишните поседи на сточарите кои се занимаваат со номадско сточарене (летните и зимските пасишта, обработаемата земја, шумските поседи и др.) доколку представуваат големи поседи во смисол на чл. 3 т. а од Земскиот закон за аграрната реформа и колонизација од 5-XII-1945 год., се одзимаат од досегашните им собственици изцело и минат без одштета во раците на државата, заедно со постројките на истите, живиот и мртов земјоделски инвентар.

Не се експроприраат жилишните постројки на поседите само ако собствениците им постојано живеат во ним и имаат постојано местожителство во местонавогјането на постројките.

Од мртвиот инвентар на собствениците им се остава инвентарот нужно сврзан со сточарењето, а од нивниот им се остават овците со добитокот нужен за сточарење.

Чл. 3 — Доколку земјишните поседи на горните сточари по својата површина не надминуат 25 хектара обработаема земја, односно 45 хектара вкупна површина, им се одзима целокупниот вишок над 3 хектара со одштета за одземениот вишок земја во висината на едногодишен доход од хектар.

Чл. 4 — Земјишните поседи експроприрани од сточарите, доколку до тогај биле обработуеми од истите, влегуат во земјишниот фонд, а онна кои не се погодни за обработуене или и ако погодни, а нуждите на сточарството налагаат да останат како пасиште, со решение на Министерството на земјоделието ке се задржат и понатака како пасишта во собственост на државата.

Чл. 5 — Се овластуе Министерот на земјоделието и шумарството да издава задолжителни обајснениј и нужните напатствија и правилници за извршуењето на овој закон.

Чл. 6 — Овој закон влегуе во сила од денот на неговото објавуене во „Службен весник на Народната Република Македонија."

Скопје, 12 февруари 1946 год.

Број 98.

Президиум на Народното Собрание на Македонија

Секретар, Претседател,

Д-р Борис Спиров, с. р. М. Андонов-Ченто, с. р.

20

УРЕДБА
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА УПРАВА НА ДРЖАВНИТЕ КУПО-ПРОДАЈНИ ДИРЕКЦИИ И ПРЕДПРИЈАТИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА

Член 1.

Се образува при Министерството на трговијата и снабдуењетло Управа на Државните купо-продајни дирекции и предпријатија за Македонија со седиште во гр. Скопје.

Управата се састои од Управител, негов помошник и пет члена.

Управата е поставуе Председателството на Народната влада по предлог на Министерот на трговијата и снабдуењето.

Член 2.

Задачите на Управата се:

а) да дава основни пословни смерници и поставуе конкретни задачи на сите купо-продајни дирекции и предпријатија;

б) да врши финансиска, комерцијална и административна контрола над сите купо-продајни дирекции и предпријатија;

в) да координира работата на поменатите дирекции и предпријатија;

г) да води надзор, распоредуе и отпушта персоналот во сите дирекции, заступства и предпријатија во споразумение со Министерството на трговијата и снабдуењето;

Управата назначуе раководниот кадар, а останалиот го назначуе директорот на дирекцијата во сагласие со персоналниот отсек при управата.

д) да проучава нуждите за сите видови стоки во Македонија, да поставуе во врка со тоа конкретни задачи и да развива полна иницијатива во дирекциите и предприајтијата во рамките на основните пословни смерници;

е) да преко државните купо-продајни диекции и предпријаија организира аткуп и продажба на земски продукти;

ж) да по предходно согласие со Министерството на трговијата и снабдуењето отвара свои застаства каде за това се укаже нужда ; и

з) да организирано раководи и директно финансира дирекциите, кои се образуват од досегашниот „Докуп", или кои подоцна ке се организират.

Член 3.

Од досегашното државно предпријатије „Докуп" се образуват следните пословни дирекции:

1) аз житарица и фураж;
2) за колонијал;
3) за железарија;
4) за манифактура и кожи;
5)за градежни материјал;
6) за алкохолни питија;
7) за индустријски култури; и
8) за емиш и зарзават.

Во колку не постои посебно државно предпријатије за тргуење со стоки од други бранши, ке се оснивaт нови дирекции или при поедини од овија дирекции посебни отсеци, кои после можат на предлог на Управата и по одобрение на Министерството на трговијата и снабдуењето да се формират во посебни пословни дирекции.

Поедини дирекции и отсеци по потреба можат да се претворат во предпријатија.

Член 4.

На чело на секоја од овија дирекции стоји директор, кој е лично одговорен за работата на дирекциата.

Директорите ги поставуе Министерството на трговијата и снабдуењето на предлог на Управата.

Директорот заедно со шефовите на отсеците сочинуат советодавно тело на дирекцијата.

Дирекциите купуват и продават, внесуват и изнесуват сите видови стоки од определените им бранши. За поголеми операции се задолжават да предварително побарат согласие од Управата.

Набавките од другите федерални единици дирекциите можат да вршат или непосредно сами или посредно преку заступства на управата.

Пословните дирекции и заступства не можат да стојат мегјусобно во директен рачунски однос, а само преку своите сметки при финансиското сметковотство, које се води при Управата.

Член 5.

Заступствата се органи на Управата за организацијата на куповината, продажбата и транспортот на сите видови стоки.

Член 6.

Побтиски одредби за задачите на управата, компетенциите на дирекциите, мегјусобните односи мегју државните предпријатија, пословните дирекции и нивните одношенија, права и задолженија премаУправата и нивната организционна структура, ке се одредат со посебен правилник, кои во рок од два месеца треба да го пропише Министеството за трговија и снабдуењето.

Член 7.

Со оваа Уредба се изменуваат одредбите од Пввелбата за оснивање на Државното купо-продајно предпријатије „Докуп".

Член 8.

Оваа Уредба стапуе во сила од денот на обнародуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Скопје, 9 II 1946 год.

Министер
на трговијата и снабдуењето:
Тоде Ношпал, с. р.

Председател
на Народната влада на Н. Р. Македонија:
Л. Колишевски, с. р.

21

На предлог на Јавниот обвинител на Македонија, да се укине Решението на Президиумот на АСНОМ бр. 143 од 1 XII 1944 г., бидејќи не постојат повеќе причините со кои е мотивирано неговото издавање, кое е донесено од Президиумот през време кога тој привремено исполњаваше функциите на Народната влада. — Народната влада на Н. Р. Македонија

Р Е Ш И

Се укинуе т. 2 од Решението на Президиумот на АСНОМ бр. 143 од 1 XII 1944 год., со која привремено беше забранено враќањето во Македонија на немакедонци, кои до 6 април 1941 год. живееле во Македонија.

Председател
на Народната влада на НРМ,
Л. Колишевски, с. р.

22

Министерството за индустријата и рударството на Народна Република Македонија, према створените потреби а со оглед на укинувењето на Управата на лигнитовите рудници чији состав имаше и аутомобилска работилница го донесува овоа

РЕШЕНИЕ

Чл. 1

Се создава Аутомобилска работилница на Министерството за индустрија и рударство на комерцијална база, чие седиште ке биде во Скопје.

Чл. 2

Работилницата ке врши оправка на сите дефекни коли на Министерството за индустрија и рударство и предпријатијата под контрола на ова министерство, а во колку ке може и на другите установи и предпријатија.

Чл. 3

Досегашната работилница на Управата на лигнитовите рудници да се предаде на новоформираната работилница со целиот инвентар протоколисано.

Чл. 4

Овоа решение влегува во сила од денот на објавувењето му во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 15 — 12.II.1946

Министер за индустрија и рударство
Стр. Гигов, с. р.

23

До дефинитивното регулирање на прашањето за опсанокот и работата на полузваничните сталешки комори

РЕШУАМ:

1) Секцијата на бившата Аптекарска комора во Скопје ке ја обустави својата работа, а члеовите на управниот одбор се разрешуат од својата должност.

2) Имотот и инвентарот на секцијата на Апетарската комора во Скопје го превзима Министерството на народното здравје на Н. Р. М.

3) Уверењата за право на самостојателно раководење на аптеки ке ги издава на молителите Министерството на народното здравје на Н.Р.М.

4) Доказниците за службување на аптекарските со работници, поред раководителите на аптеките ке ги оверуат и народниот одбор во местото.

5) Регистерот на сите аптеки на територијата на Народната Република Македонија ке го води Министерството на народното здравје на Н. Р. М.

6) Министерството на народното здравје на Н.Р.М. ке ги врши сите функции, кој до сега спагјава под надлежност на секецијата на Аптекарската комора во Скопје. Се одредуе М-р Васо Поп-Трајкоски, кој требе истиот инвентар со попис да го прими и чува.

инистер на народното здравје, **Д-р Попадич,** с. р.

24

Во врска со конференцијата е одржана во Министерството на народното здравје на 8 XII 1945 год., а по прашањето за државната фабрика за алкалоиди во Скопје и во согласието со Главната управа за медицинска производња „ГУМПРО" — Белград.

РЕШУАМ:

1) Да се образуе Контролен одбор во државната фабрика за алкалоиди во Скопје од представителите на Министерството на народното здравје, Министерството на индустријата и рударството, Министерство то на трговијата и снабдуењето, Министерството на земеједелието и Управата за набавка и расподела на лекови „УНРАЛ" за Македонија.

2) Задачите на тој одбор ке бидат следните:

а) Контролниот одбор ке биде контролни орган на фабриката и саветодавни орган на Главната управа за медицинска производња „ГУМПРОц — Белград

б) Контролиот одбор ке участвуе во приготвуењето на привредниот план на фабриката.

в) Контролниот одбор ке биде тело за координација мегеју Министерствата и установите, кој се тесно сврзани со културата, откупот и преработуењето на афионот и други медицински билки.

г) Контролниот одбор ке ги разгледуе возможностите околу укључуењето на други секетори на работата во фабриката кој се органски сврзани со истата.

д) Контролниот одбор ке се грижи за прошируењето на фабриката во време со уголемуењето на работата и укључуењето на нови сектори на работа.

ѓ) Контролниот одбор ке го контролира производството на фабриката, како и правилното изведуење на производствените задачи кој се дадени на фабриката од „ГУМПРО".

е) Контролниот одбор ке води надзор за правилното поставуење и исползуење на работната рака во фабриката, како и за условијата пои кој работниците работат во истата.

ж) Контролниот одбор ке изработи правилник за работата на контролниот одбор и управата на фабриката и истиот ке ми го поднесе на потпис и одобрение.

3) За членови на Контролниот одбор се назначујат: од Мин. на народ. здравје: М-р Васе Поп Трајкоски, од Мин. на индустријата и рударството: Стеван Арсов, од Мин. на трговијата и снабдуењето: Иван Ванов, од Мин. на земјоделието: Стојан Лазаров и од „УНРАЛ": М-р Божидар Бомбол.

Министер на народното здравје
Д-р Попадич, с. р.

25

МИНИСТЕРСТВО НА НАРОДНОТО ЗДРАВЈЕ

Во врска со писмото на Савезното министерство на народното здравје ФНРЈ бр. 139 од 9 I 1946 год. до дефинитивното регулиране на прашањето за обстанакот и работата на полузваничните сталешки комори

Р Е Ш У А М:

1. Лекарската комора во Скопје ке ја обустави својата работа, а членовите на управниот одбор се разрешуват од својата должност.

2. Имотот и инвентарот на лекарската комора во Скопје го превзема Министерството на народното здравје на Н. Р. Македонија.

3. За старател на имотот и инвентарот на лекарската комора во Скопје се одредуе д-р Антон Чакмаков началник при ова министерство кои треба истиот инвентар со попис да го прими и чува.

4. Регистрацијата на лекарите и лекарските приправници ке ја врши овоа министерство.

5. Уверенјата за вршење на лекарската практика ке ги издава овоа министерство.

Бр. 153
7 февруари 1946 год.

Министер на народното здравје
Д-р Попадиќ, с. р.

26

Р Е Ш Е Н И Е

М-р ф. Војислав Сотироски со одлуката на окупаторската власт добил право на аптекарска концесија и на 2 април 1943 год. отворил аптека во град Гостивар. По член 8 од Решението за укиуење и невалидност на сите правни прописи донесени од страна на окупаторите и нивните помагатели по време на окупацијата, за укинуење правните прописи кои биле во сила во часот на непријателската окупација (Службен лист на ДФЈ број 4 страна 37 од 13 февруар 1945 год.)

С Е С М Е Т А

за укината одлуката на окупаторската власт со која е М-р Војислав Сотироски добил право на аптекарска концесија во град Гостивар.

За овоа решение да се обавестат:
1) Војислав Сотироски и
2) Околискиот Н. Одбор — Гостивар.
Бр. 825.

Пом. Министер на народното здравје
Д. Џамбаз с. р.

27

Р Е Ш Е Н И Е

М-р Ф. Сотир С. Спасески со одлуката на окупаторската власт добил право на аптекарска концесија и на 15 март 1944 год. отворил аптека во град Прилеп. По член 8 од Решението за укинуење и невалидност на сите правни прописи донесени од страна на окупаторите и нивните п о м а г а т е л и по време на окупацијата, за укинуење правните прописи кој биле во сила во часот на непријателска окупација (Службен лист на ДФЈ Бр. 4. страна 37 од 13 февруари 1945 год.).

С Е С М Е Т А

за укината одлуката на окупаторската власт со која е М-р Ф. Сотир С. Спасески добил право на аптекарска концесија во град Прилеп.

За овоа решение да се обавестат:
1) М-р Ф. Сотир С. Спасевски и
3) Градскиот Н. Одбор — Прилеп.
Бр. 826/46

Пом. Министер на народното здравје
Д. Џамбаз. с. р.

28

Р Е Ш Е Н И Е

М-р Ф. Драган Михајлов Тодоров со одлуката на окупаторската власт добил право на аптекарска концесија и на 20 октомври 1942 год. отворил аптека во град Скопје. По члено 8 од Решението за укинуење и невалидност на сите правни прописи донесени од страна на окупаторите и нивните помагатели по време на окупацијата, за укинуење правните прописи кој биле во сила во часот на непријателската окупација (Службен лист на ДФЈ Бр. 4 страна 37 од 13 февруар 1945 год.)

С Е С М Е Т А

за укината одлуката на окупаторската власт со која е М-р Ф. Драган Михајлов Тодоров добил право на аптекарска концесија во град Скопје.

За овоа решение да се обавестат:
1) Драган Михјалов Тодоров и
2) Градскиот Н. Одбор — Скопје.
Бр. 819.

Пом. Министер на народното здравје
Д. Џамбаз с. р.

29

Р Е Ш Е Н И Е

Мр. Ф. Страшимир Татарчев со одлуката на окупаторската власт добил право на аптекарска концесија и на 1 април 1943 година отворил аптеко во град Скопје. По член 8 од Решението за укинуење и невалидност на сите правни прописи донесени од страна на окупаторите и нивните помагатели по време на окупацијата за важоста на решенијата кои за тоа време са донесени, за укинуење правните прописи кои биле во сила во часот на непријателската окупација (Службениот лист на ДФЈ бр. 4, стр. 37 од 13 февруари 1945 година).

С Е С М Е Т А

За укината одлука на окупаторската власт со која е М-р Ф. Страшимир Татарчев добил право на аптекарска концесија во град Скопје.

За овоа решение да се обавестат:
1. М-р Ф. Страшимир Татарчев и
2. Градскиот Н. Одбор — Скопје.
Бр. 820

Пом. Министер на народното здравје
Д. Џамбаз с. р.

30

Р Е Ш Е Н И Е

М-р Ф. Анастасија Крепиева Киркова со одлуката на окупаторската власт добила право на аптекарска концесија и на 26 мај 1944 год. отворила аптека во град Скопје. По член 8 од Решението за укинуење и невалидност на сите правни прописи донесени од страна на окупаторите и нивните помагатели по време на окупацијата, за важноста на решенијата кои за това време се донесени, за укинуење правните прописи кој биле во сила во часот на непријателската окупација (Службен лист на ДФЈ Бр. 4, страна 37 од 13 февруари 1945 год.)

С Е С М Е Т А

за укината одлуката на окупаторската власт со која е М-р Ф. Анастасија Крепиева Киркова добила право на аптекарска концесија во град Скопје.

За овоа решение да се обавестат:
1) М-р Анастасија Крепиева Киркова и
2) Градскиот Н. Одбор — Скопје.
Бр. 821.

Пом. Министер на народното здравје
Д. Џамбаз с. р.

31

На основание решенијата на овоа Министерство бр. 819, 820, 821 од 7. II. 1946 година.

Р Е Ш А В А М

да се образуе комисија за да ги проведе горе наведените решенија на следниот начин:

1. Комисијата да ја запечати аптеката штом ке му врачи на аптекарот решението;

2. Да го обавести аптекарот кога ке почне со пописот и проценката на лековите и аптечниот инвентар;

3. След извршениот попис комисијата ја предава аптеката на раководството на отсекот за државни

аптеки при УНРАЛ, кои од своја страна ќе ја регулира материјалната страна со сопственикот и

4. Кога комисијата ќе врши попис и проценка на лековите и аптечниот инвентар ќе очаствуе и сопственикот на аптеката.

Во комисијата се определуат: Васо Поп Трајков началник при ова Министерство, Даре Бомбол, управител на УНРАЛ и Кјемал Ибраим, прочелник на здравниот оддел при Градскиот н. одбор.

Пом. Министер на народното здравје
Д. Џамбаз с. р.

32

ПРАВИЛНИК

За организација на Државна земјоделска машинска служба во федерална Македонија

ОПШТИ РАСПОРЕДБИ

Чл. 1.

На основание чл. 5 од Сојузниот закон за организацијата на државната земјоделска машинска служба во Југославија, при Министерството на земјоделието и шумарството на федерална Македонија се:

УРЕДУВА:

Управа на земјоделските машински станици (УЗЕМС-и) и земјоделски машински станици во околиските центрови на федерална Македонија (ЗЕМС-а)

Управата е организирана по следниот начин:

I. — Управител;

II. — Одсек за земјоделски машински станици;

III. — Одсек за административни и персонални работи и

IV. — Одсек за сметководство.

На чело на одсеците стојат шефови:

1 шеф на одсек за земјоделски машински станици;

1 шеф на одсек за административни и персонални работе и

1 шеф на одсек за сметководство.

Чл. 2.

Управата на земјоделските машински станици е државно стопанско претпријатие.

Потребните материални средства за организацијата и развитието на нејзините клонови, (земјоделски машински станици), ќе ги подигне од државни или други банки на срочно отплатување.

Подрачните ЗЕМС-и ќе работат на трговска база и сите реализирани од нив приходи ќе се внесујат во касата на УЗЕМС-и од кои ќе се формират фондови: за исплата на машини, за исплата на подигнатиот почетен кредит и др.

Чл. 3.

Сите земјоделски оражја и машини кој се доделуват за работа на ЗЕМС са државна сопственост и са неразделима част од инвентарот на ЗЕМС — односно од инвентарот на УЗЕМСИ-и.

За грижливото подржување на машините и оражјата са одговорни лицата на кој им са поверени од УЗЕМС-и, односно од управителите на земјоделските машински станици.

Чл. 4.

Надзорот и контролата над организацијата и работата на УЗЕМС-и ќе го врши Министерството на земјоделието и шумарството на федерална Македонија преку своите овластени органи.

Чл. 5.

Управителот на УЗЕМС-и ја организира и надзира работата во земјоделските машински станици, се грижи за извршуењето на возложените задачи од Министерството на земјоделието и шумарството во врска со исполнението на плановите за пролетна и есенската сеидба и координира по дадени директиви, дејноста на земјоделските машински станици.

Во случај кога управителот одсаствува може да биде заместен од еден од шефовите на управата.

Чл. 6.

Шефовите на одсеци помагат во работата на управителот и зимат полно участие во разрешуењето на поставените задачи.

Шефовите се одговорни за работата во поверените им одсеци.

Чл. 7.

Управата на земјоделските машински станици (УЗЕМС-и) се грижи за успешно и планомерно развитие на ЗЕМС-и во Македонија.

Обмислуе и изработуе планови за работа по напатствијата и проучуе сите усолвија за една широко развиена и солидно организирана земјоделско-машинска служба во Македонија.

Административна организација на УЗЕМС-и

Чл. 8.

А. — Одсек за земјоделски машински станици се грижи за правилна расподелба на земјоделските машини и алати одговарајушта стручна работна снага за работа со земјоделски машини. Организира контрола над работата на земјоделските машини и арчењето на гориво и мазиво. Организира правилна употреба на машините, проучуе кои машини одговарат на нашите прилики и составуе требување за потребни машини и оражја.

Се грижи за осниване на работилници за поправки на земјоделските машини да сите машини бидат во исправно состојание во началото на сезонот за работа.

Составуе требување за потребни материали и резервни делови за оправка на машините и се грижи за навремено набавуење, расподелба и сместуење на машини, резервни делови, гориво, мазиво и др за потребите на ЗЕМС-и.

Б. — Одсек за административни и персонални работи

Овој одсек води цела администрацијаj на урпавата и земјоделските машински станици. Со грижи за назначуењето на управниот персонал во УЗЕМС-и и ЗЕМС-и и води картотека на истиот;

Организира курсови за трактористи, бригадири, книговодители и управители на ЗЕМС-и и се грижи за општа правилна расподелба на стручниот и административен персонал по ЗЕМС-и и се грижи за популаризиране на земјоделската машинска служба во Македонија преку часописи, статии и јавни предавања.

В. — Одсек за сметководство

Овој одсек води сметководството на УЗЕМС-и организира сметководството на ЗЕМС-и и врши контрола над истите.

За контрола над ЗЕМС-и овој одсек има потребен број финансови контролори.

Овој одсек составуе буџет на УЗЕМС-и и дава напатствиај за составуене буџетите на ЗЕМС-и.

Земјоделски машински станици

Чл. 9.

Како клонови на УЗЕМС-и во околиските центрои на територијата на федерална Македонија, се основиват:

Околиски земјоделски машински станици

Секоја станција има свое определено подрачие за работа. Ако поради големината на некоја околија, каде веке постои земјоделска машинска станција се укаже потреба да се основа една месна станција која би дејствително овозможила по ефикасна работа на околиската станција, а која во случајот не би могла да изврши поставените задачи, тогава УЗЕМС-и може да основа при условие да новата месна станција биде во составот на околиската станција која ќе врши контрола и распоредува работите во месните станици.

Околиските станици обхвануват по правилно територијата на една околија.

Чл. 10.

Земјоделските машински станции са државно стопански претпријатија кои работат на трговска база.

За основањето им истите црпат средства од УЗЕМС-и, за кои се отчитат пред истата управа со законно оформени документи.

Задачи на земјоделските машински станции

Чл. 11.

I. — Сите земјоделски машини да се исползуваат до максимум т. е. да работат колкото се може повеке сатови, да прекидот на работата биде што помалок и да потрошокот на гориво, мазиво, материал и резервни делови за поправки на машините биде колку се може по економичен;

II. — Со сите средства да организираат работилници за поравки на земјоделски машини, како би се потребните поправки извршиле што по-бргу и економично. При случаи на усилена сезонска работа можат да се устројат во колку условијата позволуат и теренски леки работилници и това при пролетно и есеното орење, сезон за жетва, — вршидба и др.

III. — Секога да имат грижата да располагат со доволен број: управен и стручен персонал за извршуење на земјоделски работи. Да се грижи за стручно и просветно издигнуење на својот персонал;

IV. — Да има уредена администрација и книговодство. Да организира и води контрола на двигателните материали (гориво и мазиво) и одржуене на земјоделските машини;

V. — Да води точна евиденција за сите поголеми земјоделски машини и оражија на своето подрачие ва работа. (трактори, трактористи плугови, сејалици, косачи, и. вршалици дрљаци и др.). За таја цел се води постојана картотека на земјоделските машини и оражија, како би секоја машина добила регистарски број.

VI. — Непосредствено да ракуат со работата на сите поголеми земјоделски машини независимо од нивната собственост и да ги распоредуат по укажена потреба на работа по соответното подрачие за работа.

VII. — Да се грижат за навремено требуење, набавки и сместуење на потребните количества гориво и мазиво, материали и резервни делови за поправки на машините.

Чл. 12.

Околиските земјоделски машински станции се организовани по следниот начин:

а) — управител б) — книговодител, в) — магазионер и помокјен канцелариски персонал.

г) стручен персонал за работа со земјоделските машини: трактористи, бригадири и механичари.

Управителот раководи со работата на станцијата, органирзира и надзирава работата на земјоделските машини и се грижи за извршуењето на задачите возложени од УЗЕМС-и.

Управниот персонал (книговодителот, магазионерот и канцеларистите) са должни да извршуат коректно сите административни и сметководни работи на станцијата.

Магазинерот е должен нарочно да се грижи за навремено снабдуене на станцијата со двигателни материали (гориво и мазиво).

Чл. 13

Секоја земјоделска машинска станција треба да има своја работилница, (машинска, ковачка, столарска и др.) Таква работилница е во апсолутен состав на станцијата и нема посебна администрација.

На чело на работилницата стоји еден мајстор раководител кој е одговорен за поверената му работилница. Во неговата работа го помагат помошниците (механичари, бравари, помошни работници и др).

Тој е должен да се грижи за сите машини кој довагјат во работилницата за поправка и да истите колку може по бргу и свесно извршат.

Работилниците треба да бидат по возможност обзаведени со сите потребни машини и алати како би се овозможиле поправки од секаков вид.

При секоја работилница треба да има еден магазин со резервни делови и други материјали за поправки на машините.

Чл. 14

Главни работилници

Во седалиштето на УЗЕМС-и се основа главна машинска работилница (ГМР-а) за големи поправки. Таква работилница се основа со цел да извршува: испитивања, монтажа и проби со машините на територијата на федерална Македонија која ке носи назив: „Главна машинска работилница" на УЗЕМС-и.

ГМР-а е организирана по следниот начин: а) — управител, б) книговодител, в) магазинер и канцелариски персонал, стручен персонал: мајстор, механичари, бравари, ковачи, стругари, помошни работници и др.

Управителот раководи и надзирава непосредствено со работата во оделенијата на работилницата и се грижи за точно и навремено извршуене на сите задачи поставени од УЗЕМС-и и за набавка на потребите ва работилницата.

Упрвниот персонал (книговодителот, магазионерот и канцеларистите) како и стручниот персонал (раковоцнтел, мајстор и помошници) са должни да извршат најсовесно сите сметководни, административни и стручни работи на работилницата.

НАЗНАЧЕНИЈА

Чл. 15

I. — Управителот на УЗЕМС се назначуе од Министерот на земоделието и шумарството на федерална Македонија.

II. Управителите на ЗЕМС-и и ГМН, шефовите на одсеци и канцеларскиот персонал при УЗЕМС ги назначуе министерот на земјоделиетот и шумарството по предложение на управителот на УЗЕМС.

III. — Управниот персонал при ЗЕМС-и и ГМР-а (книговодители, магазионери и канцеларисти) го назначуе управителот на УЗЕМС-и по продолжение на сответните управители на ЗЕМС и ГМР-а .

БУЏЕТ

Чл. 16

I. — Општиот буџет на УЗЕМС го одобрува Министерството на финансиите на федерална Македонија.

II. Буџетот се остоји од предрачун на расходите и приходите.

III. — Главните приходи на ЗЕМС-и са:

а) од наплата за извршени работи со земјоделски машини;

б) од наплата за извршени поправки на часни лица

в) од наплата за превоз на разни стоки со трактори (приколици).

IV. — Во прорачунот на приходите не влезујат услугите извршени мегју една и друга ЗЕМС-а.

V. — Расходите на ЗЕМС и ГМР-а се делат на редовни и изванредни. Редовните расходи се делат на лични и материјални, материјалните расходи се делат на: општи расходи, расходи за движење на земјоделските машини и расходи за поправки на машини.

Изврнедните расходи служат за набавуене на земјоделски машини и обзаведуење на работилници.

VI. Расходите можат да бидат ангажиран и трошени во рамките на одобрениот буџет.

Управителот на УЗЕМС може да врши вирмани мегју некој позиции, а вирмани мегју партиј ке одо-

бруе Министерот на финансиите на федерална Македонија.

VII. — При секоја ЗЕМС-а и ГМР-а се основиат каси кои ке вршат собирање на приходите и разни исплати.

VIII. — Секоја ЗЕМС-А и ГМР-а може да троши средства во рамките на одобрениот буџет. ЗЕМС-и и ГМР-а внесујат своите приходи (вишоци) во касата на УЗЕМС од која каса се требујат потребни суми за разни меропријатија.

IX. — При УЗЕМС наредбодавател е управителот а сметкополагател е шефот на одсекот за сметководство.

X. — При ЗЕМС-и и ГМР-а наредбодаватели се управителите, а сметководители се книговодителите.

XI. — По горе са изнесени општите основи за буџет и сметководство на УЗЕМС, ЗЕМС и ГМР.

До прописуење на општ правилник за сметководство и финансиска работа на ЗЕМС-и ке се управуе по овија напатствија.

Администрација и книговодство

Чл. 17

А. — Администрацијата на УЗЕМС и ГМР-а требе да исполнуе следното условне: да е брза и акуратна. Сите вопроси да се решат по возможност: усмено, телефонски или лично а само во крајни случаји со кореспондиране.

Б. — Книговодството на УЗЕМС, ЗЕМС и ГМР-а апсолутно требе да одговара на овија условија:

I. — Требе да биде едноставно и прегледно;

II. — Секога требе да дава точна слика за целокупната имовина и промената на истата;

III. — Да дава точна евиденција за приходите од извршените работи и расходите околу персоналот, машините и др.;

IV. — Да овозможуе ефикасна контрола на потрошокот на работна снага, материали и двигателни средства;

V. — Книговодството требе да е организирано на таков начин до секога може да се види, положението во станцијата.

ПЕРСОНАЛ

Чл. 18

Персоналот на УЗЕМС-и, ЗЕМС и ГМР, требе да има следните квалификации:

I. — Управителот на УЗЕМС требе да има стручна спрема, а најважно да е добар организатор.

II. — Управителите на ЗЕМС-и и ГМР-а требе да имат стручна техничка спрема а при липса на таква можат да бидат одлични мајстори машинисти кој имаат организаторски способности.

III — Шефовите на одсеци при УЗЕМС требе да имаат стручна спрема за својата грана и да се добри организатори.

IV. — Управниот персонал при ЗЕМС-и (книговодители, магазионери и канцелариски) треба да имаат стручна спрема: школо, курс или некоја долготрајна практическа работа.

V. — Принадлежности, права и должности на персоналот не се одредат со посебен правилник во споразумение со синдикалните организации.

До прописуење на таков правилнико си остануват во сила сегашните групи.

Чл. 19

Евиденција на по-големите часни земјоделски машини

Земјоделските машински станции водат евиденција за сите по-големи земјоделски машини и оражија на своjте подрачја за работа

Во сезони на усилена кампаниа на земјоделски работи во колку има апсолутна нужда за помошта на часни машини, станиците можат према чл. 2 од Сојузниот закон за организација на државната, земјоделска та служба, да преку народните одбори позајмат нужен број часни машини и оражја со условие да во зависи мост од времето кое машините работат за станцијата ке се дава вознагражденије за истите. Такви вознагражденија (норми) ке се одредуват од УЗЕМС во споразумение со народните одбори годишно предвидувајки трите сезони за земјоделски работи.

Посебни дложности на ЗЕМС-и и ГМР-а

Чл. 20

I. — Да држат сите машини во нај-голем ред, така да истите спремени за употреба. Затова е од голема важност да сите оправки на машините бидат довршени пред нивната сезона за работа.

II. — Машините за време на движение да се користуват максимално да нема прекид во работата, да што више економисват гориво и мазиво, да пажливо рукуат со машините, како би истите трајале по долго време и да на нив се извршат колку се може по малку поправки.

III. — Да стално следат работата на машините да ги усавршуат и да донесуат редовно белешка во тој смисол во УЗЕМСИ-и.

IV. — Да по возможност на една машина работи по долго време дори и цела сезона еден работник како би е истиот добро упознал и користувал до масимум По тој начин ке се овозможи ефикасна контрола над работата на работникот и неговата способност по одношение пазењето на машините.

Овоа треба да е главниот принцип во работата со земјоделските машини.

V. — При сите работи требе да се примени дух на натпреварување помегју бригади, (група од 5 трактори со трактористи) работни групи и работници.

Чл. 21

Управителите се одговорни фактори на ЗЕМС-и и са должни да извршуат сите возложни задачи од УЗЕМС-и како би се постигнале добри резултати во самата организација и развитие на земјодилска машинска служба во Македонија.

Чл. 22

Овој Правилник влегуе во сила од денот на објавуењето му во службен весник на Народна република Македонија.

Министер на земјоделието
и шумарство на федерална
Македонија
Б. Фотев с. р.

33

Начални напатствија за заступниците

Согласно со напатствиаjта на Сојузното Министерство на Правосудието (во писмото на Претседателството на Народната Влада на Н. Р. Македонија, бр. 2438 од 3 IX 1945 год.) и согласно чл. 1—5 од Законот за заступуење, учрежденијата, институциите, претпријатијата и организациите, се издаваат следните напатствија:

I.

Министерството на внатрешните работи на Н. Р. Македонија и неговите подрачни органи и институ-

цин ги заступат пред судовите и другите Народни власти, во вид на заштита на нивните имотно-правни интереси согласно чл. 1 од Законот за заступање учрежд. институциите, претпријатијата и орган. на јавни карактер и тоа:

Министерството на внатрешните работи—Помошник министер;

Одделот на внатрешните работи при Нар. одбор, Шефот на одделот;

Казнените заводи — Управителот или Директорот на заводот.

II.

Во колку ке бидат накнадно основени нови подручни институции, нивните имотно-правни интереси ке ги заступаат шефовите на тија институции.

III.

Означените заступници во чл. 1 се легитимират пред власта со препис од декретот или уверењето со кое е назначен на таја должност или со уверење издадено од претседателот и секретарот на на одборот

Тија лица можат во секој поеден случај, во смисол на чл. 1 и 2 на овиа напатствије, даденовто овластуење да го пренесат на друг службеник на својата институција или претпријатие, за кое ке издадат полномоштно.

IV.

Пом. министерот при Министерството може да ополномошти друг службеник само по предходонто одобрение од министерот.

V.

Лицата означени како заступници имат право и должност да поднесуат тужби да дават одговори на тужби, да сакат обезбедуење и да превземат аа време сите други процесни работи кои се покажат како потребни и да превзимат сите нужни мерки за запазване на имовно-правните инереси пред судовите и пред другите народни власти.

Секој заступник на одделот на внатрешни работи како и на казнениот завод кои покрене спор против трети лица за заштита на приватно правните интереси, или трети лица покренат спор против одделот или заводот, е должен веднага да испрати во Министерството на внатрешните работи подобрен извештај.

Исто така тија се должни да го известат Министерството и кога процесот ке биде коначно решен.

Министерството на внатрешните работи може во секој стадиум на процедурата да ја превземе заштитата на приватно-правните интереси на одделот или каз. завод и да го заступа пред судовите и пред други народни влсати.

VI.

Заступниците можат да прават поравнанија (спогодби) за процеси до 1.000 дин.; а за поголеми процеси должни се да тражат одобрение од Министерството на внатрешните работи, кои од своја страна при давање на одобрението ке тражи согласие од Министер. на финансиите.

Признанија, поравнанија и одустајанија од спорови кои се во вредност преко 1.000 дин. без одобрение од ова Министерство не вредат.

VII.

Заступниците се должни да употребат редовна жалба против сите пресуди, решенија и одлуки на народните судови и другите органи на власта, кои се донесени во штета на одделот или заводот.

За спорови чија е вредност по голема од 1.000 дин. не можат да одустанат од мобла без предходно одобрение од Министер. на внатрешните работи.

VIII.

Заступникот на одделот или заводот е должен без секое одложуење да превземе све што е нужно, да се извршат веднага правно снажните одлуки, донесени во полза на одделот или заводот.

Парите кои ке ги прими од трети лица во процесот, должен е да ги предаде во државната каса.

IX.

Ликвидирането на процесите покренати пред 5-VIII-1945 год. ке ги изврши Јавниот Обвинител на Ф.Н.Р. Југославија.

X.

Како заштитник на имовно-правните интереси на Министерството на внатрешните работи се одредува Пом. министерот на кого ке се издаде полномошно за заступање.

Заступникот на Министерството на внатрешните работи ке врши надзор над заступниците на сите подредени оддели или заводи и на нужда ке ги взема и сам ке ги води процесите, во колку това се покаже како нужно и во колку со това се согласи самиот Министер на внатрешните работи.

Заступникот на Министерсвоо на внарешните работи ги има сите права и задолженија кои ги имат и заступниците на одделите или заводите по овија напаствија и по поменатиот закон.

XI.

За поравњање, за одуставување од процеси, и за одустанување од жалби за сите подредени оддели или заводи и за Министерството на внатрешните работи, ке одлучуе самиот министер во согласие со Министерот на финансиите, во колку не е вредноста на процесот по малка од 1.000 дин.

XII.

Сите народни власти должни се да дадат правна помош и нужно содејствие во заштита на приватно правните интереси на учрежденијата, институцијата, претпријатијата и организациите од јавен карактер.

XIII.

Секој заступник или друг чиновник или службеник ке одговара за секоја неуредност и пропуштање во заступањето на државните интереси во водењето на процесите за кое ке одговара не само дисциплински ами и за накнада на направената штета, ако е тој крив за штетата.

МИНИСТЕР,
К. Петрушев, с. р.

34

На основание чл. 1 ст. 3 Уредбата за формирање на Управа на Државните купо-продајни дирекции и предпријатија за Македонија од 9-II-1946 година, Председателството на Народната влада на Н. Р. Македонија, на предлог на Министерот на трговијата и снабдуењето, доносва следна

ОДЛУКА

се назначават:

1. **Димитар Војановски-Дизе,** за Управител;

2. **Александар Нанчев, Јордан Минов, Шукри Авдович и Лазар В'чков,** за членови на Управата на државните купо-продајни дирекции и предпријатија за Македонија.

Со ова досегашниот Управни одбор на Државното предпријатие за купо-продаја „ДОКУП" — Скопје се разрешава од должност и истиот е должен одмах да ја предаде должноста на ново поставената Управа.

С. Ф. — С. Н.

Министер
на трговијата и снабдуењето
Т. **Ношпал**, с. р.

П. председател
на Народната влада на Н. Р. Македонија
Л. Арсов, с. р.

35

НАПАТСТВИЈА

За издавање под закуп летната испаша на планински пасишта и сувати през 1946 година.

Чл. 1

Сите планински пасишта и сувати, државни и недржавни подпагјат под управата и контрола на Министерството за земјоделие и шумарство

Чл. 2

Сувати са високо-планински пасишта изнад зона на горската вегетција. Планински пасишта са во зона тана горската вегетација (растителност), каде се гората разделуе во одделни групи правејќи пропланци и планински ливади.

Чл. 3

Право на испаша на сувати и планински пасишта имат сите земјоделци-сточари, сточарски кооперации, професионални сточари и сите други граѓани кои се времено занимават со сточарство.

Првенство на паша имат државјани на ФНРЈ.

Чл. 4

Со цел да се унапреди ситното домашно сточарство, испаша се издава по следниот ред:

а) на полјоделци-сточари до 250 грла дребен добиток;

б) на сточарски кооперации;

в) на професионални сточари кои се занимават со приплод на добиток;

г) на сите други лица кои се времено занимават со сточарство.

Чл. 5

За полјоделци-сточари се резервираат потребен број пасишта. Останалите слободни пасишта се издават под закуп на другите категории сточари.

Планинските пасишта и сувата ги распределуе резервира по укажана потреба Министерството за земјоделие и шумарство-оделение за шумарство, на предлог на окружниот н. одбор.

Чл. 6

Резервираните сувати и план. пасишта се издават од окружниот н. одбор протоколарно од комисија во состав: прочелник на стопанскиот одел, шумарски референт и референтот за земјоделие.

На комисискиот протокол, недоволната страна има право на жалба до Министерството за земјоделие и шумарство-оделение за шумарство во рок од пет дена чије решение е извршено. Жалба се предава на соответниот окружни н. одбор и истиот е одма пренракја до Министерството, со целиот предмет кој се однесува на поднесената жалба.

Чл. 7

Слободните сувати и план. пасишта се издават при Министерството за земјоделие и шумарство-оделение за шумарство од комисија определена од Министерот за земјоделие и шумарство.

Недоволната страна има право на жалба во рок од пет дена до Министерот на земјоделие и шумарство, чиво решение е извршно.

Чл. 8

Полјоделци-сточари кои имат право на резервирани пасишта поднесуват список на добиток со молба преку околискиот н. о. до окружниот н. о. со заверка на околискиот н. о. да уписаниот добиток во списокот е точен и сопственост на молителот.

Чл. 9

Сточарите, кооперациите и други заинтересирани за слободни сувати и план. пасишта, поднесуват молба до оделението за шумарство при Министерството за земјоделие и шумарство. Во молбата да се назначи: број и видот на добитокот и бараното пасиште. Сопственоста на добитокот се докажуе со уверење извадено од соответниот Окол. н. одбор.

Кооперациите поднесуат список на кооператорите со посочениот број и вид на добиток.

Чл. 10

Молбите за закуп на суватите и план. пасишта се поднесуват нај-доцна до 15 март и то: за резервираните пасишта од окружниот н. о. во чии реон се најдува пасиштето; за слободни пасишта до Министерството за земјоделие и шумарство-оделение за шумарство.

Решење за закуп на резервираните пасишта се донесуат од комисиите по Чл. 6 до 20 март. За слободни пасишта решење донесува комисијата по Чл. 7 до 25 март.

Чл. 11

Протоколите за издавање под закуп на суватите и план, пасишта се изработуват во три екземплара од кои еден се дава на закупецот, другиот остава за сответниот окр. н. о. за исполнение а третиот за Министерството за земјоделие и шумарство за сведение.

Чл. 12

Молителот од денот на поднесуењето на молбата за закуп на план. пасиште или сувата не може да одустане од траженото пасиште. Во случај на отказ на испашата он ке плати определените такси како накнада на државата ако остане пасиштето не издадено или неповолно издадено.

Чл. 13

Летната паша на план. пасиште и сувати почнува од 1 мај и трае до 31 октомври, 1946 год.

Чл. 14

Закупнината за испаша се плаќја во две еднакви рати и тоа: I-ва рата на-доцна 10 дена по приемот на комисискиот протокол а II-ра рата до 31 август 1946 год. Наплатуење на закупнината ја врши по предвидените тарифни такси окружниот н. о. — финансов оддел.

Закупците кои не платат закупнина во определениот срок плаќјат на име казна за секој ден по 2 (два) дин. на 1.000 динари.

Чл. 15

План. пасиште и сувати се издаваат по определениот капацитет од Министерството за земјоделие и шумарство. При нужда, определениот капацитет може да се наголеми до 30% повечко.

Капацитетот е определен во дребен добиток (овца) а едно грло едер добиток (кон, вол, крава, магаре) се смета три грла дребен добиток, едно грло коза, јарец и јаре се смета два грла дребен добиток.

Чл. 16

Такси за попаша на план. пасишта и сувати по вид и единица на добиток са следните:

а) за полјоделци-сточари до 250 грла дребен добиток:

За овца, овен и јагне	10 дин.
За едор добиток	30 дин.
За коза, јарец и јаре	20 дин.

б) за полјоделци-сточари над 250 грла дребен добиток, др. сточари и сточар. кооперации:

За овца, овен и јагне	15 дин.
За едер добиток	45 дин.
За коза, јарец и јаре	30 дин.

Пореди попаша има да се плати уште 6% допринос за фонд за пошумљавање.

Чл. 17

Пуштање добиток на испаша станува след добивањето на дозвола за паша од окруж. н. о. по пред. виденият одбразец од Министерството за земјоделие и шумарство. Дозволата ке се издаде кога ке се наплати 1-та рата за закупнината. Секое пуштање на добитокот пред добивањето на дозвола ке се смета како бесправна испаша.

Дозволата за испаша важи за добитокот на оние лица, кои са именовани во протоколот и се издава на целиот определен капацитет — односно целиот пријавен број на добиток ако бројот на добитокот надвишуе капацитетот на пасиштето.

За повише лица кои пуштат добиток на истото план. пасиште или суват. може да се издаде колективна дозвола на ополномоштеното лице, като се прилага список или се именуват лицата на полегиата на дозволата.

Чл. 18

Во искључителен случај. при недостиг да се пополни целиот капацитет на пасиштето. истото може да се издаде под закуп за најмалку 2/3 од предвиденият капацитет. Окружниот н. о. односно Министерството за земјоделието и шумарството, задржава пра во да покасно пусне добитокот на други сточари до дополнение на определениот капацитет.

Ако сточарите закупат целото пасиште и уплатат такса за целиот капацитет и немат добиток за пополнението му, можат да примат добиток од други пољоделци-сточари до определениот капацитет. со согласитето на окружниот н о.

Чл. 19

Закупецот на испаша на пасиште или суват има право:

а) да подигне бачило или аргач на погодно место во согласие на окол. н. о.

б) на слободен и бесплатен пролаз преку државните земјишта од зимовниот до закупениот план, пасиште или суват и обратно, за означен број на добиток во дозволата и тоа по пруга од 200 м. во широчина од уобичаениот правец на патот без непотребно задржување;

в) на коначување во горите, план. пасишта, сувати, покрај патот или најмалку 200 м. подалеко од правецот на патување;

г) бесплатно косење и исползување на сено од закупеното пасиште, ако е платил такса за целиот капацитет на пасиштето. а инаку со наплатуењето на определени такси по ценовникот.

д) на дрва за горење или дрва за градеж за подигнување или поправка на бачали и аргачи од околните гори по наплатување на определената шумска такса по ценовникот;

е) да држи најмногу 10 кози на секој 100 единици дребен добиток по наплатување такса по чл. 16 од овие условија;

ж) да држи на бачило прасиња за исползување на отпадоците, само затворени во засебен обор.

Чл. 20

Закупецот на план. пасишта и суват. може да претприеме секоја мелиоративна работа со цел за подобруење на пасиштето без право на накнада за трошкови. но предходно мора да добие согласие од окружниот н. о. Сите подигнати инсталации остануват сопственост на притежателот на пасиштето, след истекнуењето на сезоната на испашата.

Министерството за земјоделие и шумарство може да претприеме мелиоративни работи преку своите органи на план. пасишта и сувати, без да закупецот има право на накнада или да први пречки.

Во случај да Министерството за земјоделие и шумарство на план.пасишта или сувати подигне бачило или други стопански згради, закупците се должни да ги превземат и да за истите плакјат определената закупнина — кирија.

Чл. 21

При несташица на водопои на некое план. пасиште или суват може окруж. н. о. да одобри пиене на добитокот од тие пасишта на најблиско пасиште или суват каде има вода. Накнада за попашата до поилото ке уредат заинтересираните сточари во случај неспоразум одлучуе окружниот н. о.

Чл. 22

Министерството за земјоделие и шумарство не гарантира на закупците накнада за штетаако приносот и квалитетот на тревата се намали заради елементарни непогоди или заради несташица на водата за добитокот и лугјето. Исто така не сноси одговорност ако закупецот не исползува закупеното пасиште заради помор на добитокот или какво друго намаление на добитокот.

Чл. 23

Безправна попаша се смета:

а) попаша на добитокот без дозвола;

б) попаша на поголем број на добитокот од означениот број во дозволата;

в) попаша на добитокот на лица не пријавени за попаша на соответниот суват-пасиште.

Чл. 24

Контрола на пуснатиот број на добиток на план. пасишта и сувати, вршат шумарските органи на соответниот околиски н. о. , како и органите на окружниот н. о. и Министерството за земјоделие и шумарство.

Закупците се должни да овозможат правилната контрола и пребројавање на добитокот и не смеjат да прават пречки при извршуењето на контролата.

Чл. 25

Закупците се должни да ги извршуат сите наредјена на народните власти, издадени согласно со уредбата за горите и овие напатствиај. Не извршуењето се смета како прекршај на условијата.

Чл. 26

Глоба и оштета за бесправна попаша на добитокот за случај од Чл. 23 се определуват по Уредбата за горите.

Чл. 27

Казни за неисполненија и прекршенија по Чл. 24 и 25 од овие упаствија се глобуват од 1.000 — 5.000 диари, за кое донесува решение окружниот н. о. Собраните суми се внасат во фонд за пошумљавање.

Чл. 28

Сите толкувања и појасненија по овие упатствија, како и потребни образци дава Министерството за земјоделие и шумарство — оделение за шумарство.

Чл. 29

Овие условија се дават на основание на Чл. 25 од Уредбата за горите и влегуат во сила след потпишуење од Министерот за земјоделие и шумарство.

Министер за земјоделие и шумарство:
Б. Фотев, с. р.

36

НАРЕДБА
ЗА ЗАБРАНА НА СЕЧЕНЕТО НА ЧЕРНИЧОВИ ДРВЈА

Чл. 1

Се забрануе секое искоренуене или сечене со цел на уништуене на черничеви дрва без предварително одобрение на соответниот народен одбор.

Чл. 2

Секој стопанин кој има намерение да искорени черничево дрво е должен да поднесе молба до месниот народен одбор. кој во тридневен рок определуе комисија во состав два члена од народниот одбор и еден земјоделец, кој на лице место ке проценуат за оправданоста или не на молителот.

Чл. 3

Во случај на искоренување на две или повеќе дрва или искоренување на цела черничева градина, задолжително е присаствието на околискиот референт по земјоделието.

Чл. 4

Можат да бидат искоренети стари и неродни черничеви дрва, кои не можат да дадат лист за бубохранење.

Чл. 5

За сечење или пренесување на черничеви дрва притежателот треба да има писмено одобрение од месниот народен одбор, во кое ке треба да биде вписано: месноста од каде се искоренуе бројот на искоренетите дрва и приблизително количество на исечените дрва.

Чл. 6

Нарушителите плаќаат: за секое исечено или упропастено черничево дрво по 2.000 динара глоба и конфискација на дрвата. Од собраната глоба 50% е за сметка на месниот одбор, а 50% од голбата се внесуе во „Фонд подобруење на земјоделието".

Чл. 7

За секое искоренување над 5 черничеви дрва, освен горната глоба, нарушителите се предаваат на народните судови, кои им судат по Законот за шпекула и стопанска саботажа.

Чл. 8

Наредбата влегуе во сила од денот на објавуењето и во „Службен висник на Народна република Македонија".

Министер
на земјоделието и шумарството
Б. Фотев, с. р.

37

МИНИСТЕРСТВО НА НАРОДНОТО ЗДРАВЈЕ

Во врска со Земското советување на раководителите на здравствената служба во Народна Република Македонија е издавам следната

НАРЕДБА:

1) Сите лекари на територијата на Народна Република Македонија ке требе до 15 II 1946 год. да се снабдат со бланкети за преписуење на рецепти кој требе на горната страна да го имат напечатено името на лекарот или пак да биде на истото место утиснат печатот на лекарот.

2) Од 15 II 1946 год. сите аптеки на територијата на Народна Република Македонија ке исполнуват само рецепти како е нагласено во точка I-ва од онаја наредба и рецепти од државните здравствени установи.

Сите аптеки се задолжуат и понатака да издаваат пропишани копии, а оригиналните рецепти да ги чуваат за контрола.

НАРЕДБА Бр. 1.
30 јануар 1946 година
Министер на народното здравје:
Д-р Попадич, с. р.

38

МИНИСТЕРСТВО НА НАРОДНОТО ЗДРАВЈЕ НРМ.
НАРЕДБА БР. 2
4. I 1946 год

1) Работното време во амбулаторно-поликлиничките установи (градски поликлиники, здравствени станции, амбуланти), диспанпери е од 7,30 — 12,30 и од 15 — 17 часот, во саботата од 7,30 — 14,30, во нделеите и пракниците дежурство од 9 — 11 часот, семе во пазарните дни кога се заведуе еднократно работно врме од 7,30 — 14,30 часот.

2) Работното време во болниците е од 8 — 13 и од 16 — 18 саатот во сабота од 8 — 13, во неделите и празниците од 9 — 11 саатот.

3) Работното време санитарно-епидемолигските станции, бактериологиските и хемиските лаборатории од 7,30 — 14,30 саатот.

4) За работното време никој од службениците не може да е напушти установата сем по службена работа и со знание на шефот на установата.

5) Сите дневни пргледи и работи што се во тече ние требе да се вршат без обзир на работното време.

6) За точното довагјање на должност и исполнувањето на горната НАРЕДБА одговорни се шефовите на установеите и раководителите на службата.

7) Со оваја наредба се одменуе наредебата бр. 4143 од 8. I. 1945 год.

Министер на народното здравје,
Д-р Попадич, с. р.

ИСПРАВКИ

Во Службен весник на федерална Македонија бр. 24 од 27 XI 1945 год. печатен е „Правилник за обрачунуење и наплатуење на трошковите во државните болници на федерална Македонија.

Во членот 9 треба да се додадат на крајот:

За осигураните членови при Земскиот завод за социално осигурание како и членовите на нивните фамилии, болничкиот трошок го плаќа Земскиот завод по чл. 3 под а и чл. 4 под а.

Во Службениот весник на федерална Македонија бр. 25 од 5 XII 1945 год. штампан е Правилник за наплатуење на такси за лекарски прегледи и други стручни интервенции во сите амбуланти на федерална Македонија. Во истиот правилник после думите Такса нема да плаќаат во чл. требе да стои:

ученици-чки од сите основни и гмназијални училишта...

Во Службен весник на Народна Република Македонија бр. 3 од 9 февруари 1946 год. во Правилникот за извршуење на Законот за аграрна реформа и внатрешна колонизација на територијата на федерална Македонија се пропуснати следните технички грешки:

1. Во чл. 10 каде стои (по чл. 3 т. г) требе да стои (по чл. 3 т. ги д);

2. Во чл. 16 став 2 думите „рок најмалку 10 години" да се не читаат.

3. Во член 34 изоставени се думите „привремена парцелација на експроприраната земај, кои думи треба да дојдат след думата „изврши";

4. Во чл. 44 след думите „1945 година" треба да се додаде „ке се прилагаат одрдбите на истиот";

Во Правилникот за образование и за работа на аграрните судови при окружните народни одбори, штампан во истиот весник, направени се следните технички грешки:

1. Во заглавието на Правилникот, стои „Закон" таја дума да се не читат;

2. Во заглавието на Правилникот, мегју думите „на" и „Федерална" треба да стои думата „територијата";

3. Чл. 1 на овој Правилник требе да почне со думата „Во";

Се молаат сите претплатници да ова исправка е внесен во весникот.

Од редакцијата на „Службен весник на НРМ".

Министерство на Народното здравје на НРМ

РЕШЕНИЈА

Се ослободува од должност Параскева Миланова Симова, која беше на работа во Земската државна болница.

Ослободувењето да се смета од деонт на напуштањето на службата. — Р. Бр. 2

Се ослободуе од должност Богица Поп Трајкоска болничарка (служителка) во Родилниот дом — Скопје. — Р. Бр. 3

Се назначуе Петар Пандев за малариолог во Околиската здравствена станица во Охрид. Р Б.р .4

М. Ф. Методи Мукаетов аптекар во I државна аптека Скопје, се преместува за аптекар во III државна аптека Скопје. Р. Бр. 5.

Се уволнуе Алеко Гунчев. Уволнението да му се смета од 1. VIII. 1945 год. Р. Бр. 6

Се назначуе Алеко Гунчев за служител во минералната бања во с. Бањско — Струмишко. Р. Бр. 7.

Грагјански мобилизираниот Д-р Тавитијан Гарабет се демобилисуе од 1-I-1946 год. — Р. Бр. 9

Се назначуе Љубица Николовска за чиновник во здравствениот оддел при Скопскиот окружен Н. О. — Р. Бр. 10.

Се назначуе Чекич С. Исо за писар во болницата во гр. Велес. — Р. Бр. 11.

Во врска со актот на Сојузното Министерство на народното здравје Белград, се ослободуе Д-р Радмила Радованович, лекар во Централната заона амоуланта во Скопје. — Р. Бр. 12

Ослободуењето да и се смета од 20-XII-1945 г.

Д-р Александар Ташевич се назначуе за градски референт, а се дава на работа во Околиската здравствена станица во гр. Велес. — Р. Бр. 13.

Д-р Анастас Корнети се назначува за лекар во Земската болница гр. Скопје. — Р. Бр. 18.

Д-р Страхил Нацевски се назначуе за лекар во Земската болница гр. Скопје. — Р. Бр. 19.

Д-р Никола Косич се назначуе за лекар во Земската болница гр. Скопје. — Р. Бр. 20.

Д-р Димитар Гировски се назначуе за здравствен референт во Скопскиот окружен народен одбор. — Р. Бр. 21.

Д-р Ала Ласкева се назначуе за лекар во Детски диспанзер во Скопје. — Р. Бр. 22.

Грагјански мобилизираниот Тошко Димитриев е демобилизиран и се дава на расположение на Земски завод за осигуруене на работниците во гр. Скопје. — Р. Бр. 23.

Др. Александар Рибарев, хигиенист до сега на работа во Здравствениот оддел при Околискиот народен одбор во Скопје се назначуе за хигиенист во Здравниот оддел при ГНО во Скопје. — Р. Бр. 24.

Марија Шиколева, акушерка до сега на часна работа во Скопје се назначуе за акушерка при Здравниот оддел ГНО во Скопје. — Р. Бр. 25.

Викторија Анцеска, акушерка до сега на работа во здравниот оддел при Околискиот народен одбор во Скопје се преназначуе за акушерка во Здравниот оддел при ГНО во Скопје. — Р. Бр. 26.

Олга Христова, акушерка до сега на часна работа во Скопје се назначуе за акушерка во Здравниот оддел при ГНО Скопје. — Р. Бр. 27.

Д-р Никола Бутлев до сега на должност во Крушево се назначуе за лекар во Околиската здравствена станица во гр. Крушево, а да се даде на работа во болницата. — Р. Бр. 28.

Д-р Марија Попадич, лекар се назначуе за шеф на одсекот за заштита на децата при Министерството на народното здравје и в. д. шеф на детскиот диспанзер во гр. Скопје. — Р. Бр. 29.

Се назначуе Перикли Страла заболекар од Битола во Централната заболекарска амбуланта во Битола. — Р. Бр. 30.

На основание на законот за грагјанска мобилизација на санитетските лица во Демократска Федерална Македонија времено се мобилизира М-р Никола Таушанов, аптекар од Велес и се доделуе на работа во Државната аптека во Велес. Р. Бр. 31

Д-р Михаил Попов до сега лекар во Окружната болница Битола — се назначуе за шеф на противотуберкулозниот диспанзер при Окружниот народен одбор Битола и в. д. шеф на народното оделение при Окружната болница Битола. — Р. Бр. 32.

Д-р Петар Атанасов до сега на работа како референт во здравниот отдел при Околискиот народен одбор Кичево грагјански се мобилизира и се дава на расположение на Окружниот народен одбор — Битола. — Р. Бр. 33

Д-р Александар Османли до сега лекар во Градскиот Н. О. Битола се назначуе за лекар во Градската народна поликлиника Битола. — Р. Бр. 34.

Д-р Анастас Пила до сега лекар во Градскиот Н. О. Битола се назначуе за лекар во Градската народна поликлиника Битола. — Р. Бр. 35.

Д-р Лео Месер до сега лекар во противо-венеричниот диспанзер Битола се назначуе за лекар во Градската поликлиника Битола. — Р. Бр. 36.

Ангело Татули се дава на работа на Окружната болница Битола. — Р. Бр. 37.

Д-р Владимир Потемкин грагјански мобилизиран за референт на здравниот отдел при Околискиот НО Прилеп се дава на работа за лекар при Околискиот НО Прилеп. Р. Бр. 38.

Д-р Георги Дудев до сега на служба како Референт на здравниот оддел при Окружниот народен одбор во Прилеп се назначуе за шеф на Здравствената станица при Градскиот народен одбор Прилеп и в. д. референт на здравната служба при Околискиот народен одбор Прилеп. — Р. Бр. 39.

Д-р Георги Пациорини до сега на служба како референт на здравниот оддел при Градскиот народен одбор Прилеп се назначуе за лекар во Здравствената станица при Градскиот народен одбор Прилеп, — Р. Бр. 40.

Д-р Блажо Арнаудовски до сега на работа како референт на Здравниот оддел при Околискиот народен одбор во Охрид се назначуе за шеф на Здравствената станица при Градскиот народен одбор — Охрид и в. д. референт на здравниот оддел при Околискиот народен одбор — Охрид. Р. Бр. 41.

Д-р Елена Каваева до сега на работа во Окружната болница во Охрид се назначуе за лекар во Здравствената станица при Градскиот народен одбор — Охрид. Р. Бр. 42.

Д-р Христо Бавчованов до сега на работа како референт во здравниот оддел при Градскиот НО — Охрид се назначува за лекар во Околискиот НО Охрид. Р. Бр. 43.

Д-р Тома Фиданчев до сега на работа како референт за здравниот оддел при Окружниот НО Струмица се назначуе за шеф на здравствената станица при ГНО — Струмица и в. д. референт на здравниот оддел при Околискиот НО — Струмица. Р. Бр. 44.

Д-р Никола Саздов, до сега на работа како лекар во Околиската здравствената станица во Струмица, се назначуе за лекар во Здравствената станица при Градскиот НО — Струмица.

Д-р Константин Александров до сега на работа како лекар во амбулантата во рудник Злетово се назначува за лекар во здравниот оддел при Околискиот НО Струмица. Р. Бр. 46.

Д-р Анета Томчева Јанакиева до сега на работа како лекар во здравствената станица на Околискиот НО — Струмица се назначуе за лекар во Здравствената станица при Градскиот НО — Струмица. Р. Бр. 47

Д-р Никола Димовски до сега на работа како лекар во маларичната станица во Штип, граѓански се мобилизира и се дава на расположение на Окружниот народен одбор — Велес. Р. Бр. 48.

Д-р Панко Васков до сега референт при Околискиот народен одбор Велес се назначуе за шеф на здравствената станица при ГНО Велес и в. д. референт на здравниот оддел при околискиот народен одбор Велес. Р. Бр. 49.

Д-р Александар Ташевич до сега лекар на часна работа во Велес се назначуе за лекар во Здравствената станица при Градскиот народен одбор — Велес. Р. Бр. 50.

Д-р Георги Спасов до сега референт при Градскиот народен одбор здравни оддел Велес,се назначуе за лекар во здравниотоддел при Околискиот народен одбор Велес.

Д-р Исмаил Агапов до сега референт при Околискиот народен одбор Тетово се назначуе за лекар во здравствената станица при Градскиот народен одбор Тетово. Р. Бр. 52.

Д-р Павле Житков до сега референт на здравниот оддел при Окружниот народен одбор Тетово се назначуе за шеф на здравствената станица при Градскиот народен одбр Тетово — и в. д. референт на здравниот оддел при Околискиот народен орбор Тетово Р. Бр .53.

Д-р Ратка Иванова Балванлијева до сега на работа како лекар при Градскиот народен одбор во Кочани се преназначуе за лекар во здравствената станица при Градскиот народен одбор — Штип. Р. Бр. 55

Д-р Георги Давидов до сега референт на Окружниот НО во Куманово се назначуе за шеф на здравната станица при Градскиот НО Куманово и В. Д. референт на здравниот оддел при околискиот Н. О. Куманово. Р. Бр. 56.

Д-р Тодор Христов до сега референт при околискиот НО Куманово се назначуе за лекар при околискиот НО Куманово. Р. Бр. 57.

Д-р Јосиф Бивас до сега лекар во болницата Куманово се назначуе за лекар во здравната станица при Градскиот НО — Куманово. Р. Бр. 56.

Д-р Антон Чакмаков лекар до сега на работа во Земската болница Скопје се преназначуе за началник на Управата на болнични, амбулантни — поликлинични установи и бањи. Р. Бр. 59.

Д-р Самуил Амодај до сега лекар во здравниот ложење на Земскиот завод за осигуруење на работ_ ложење на Земскиот Завод за осигуруење на работниците Скопје. Р. Бр. 60.

Д-р Маријана Беуц лекар граѓански мобилизирана и дадена на расположение на НО одбор во Битола се дава на работа во Земската болница Скопје. Р. Бр. 61.

Д-р Веселинка Николова лекар граѓански мобилизирана и дадена на работа во против туберкулозниот диспанзер при окружниот НО Скопје се демобилизира и се назначуе во истиот. Р. Бр. 62.

Д-р Ховсеп Бојаџијан граѓански мобилизиран лекар и даден на расположение на Земскиот завод за осигуруење на работниците се назначуе за лекар во Здравниот оддел при Градскиот НО во Скопје. Р. Бр. 63.

Д-р Делчо Зографски до сега лекар во училиштето за народни учители се назначуе за лекар во Здравниот оддел при ГНО Скопје. Р. Бр. 64.

Д-р Јанко Дракулис лекар граѓански мобилизиран и даден на работа во Здравниот оддел при Градскиот НО во Скопје се назначуе за лекар во истиот оддел. Р. Бр. 65.

Марика Крстеска пом. сестра до сега граѓански мобилизирана во здравниот оддел при Градскиот НО Скопје се демобилизира и се назначуе за пом. сестра во здравниот оддел при Градскиот НО — Скопје. Р. Бр. 66.

Благородна Бабунска Чурич милосрдна сестра во Земската болница Скопје се преназначуе за милосрдна сестра во Окружната болница Велес. Р. Бр. 67.

Радка Туцинова милосрдна сестра во Земската болница — Скопје се преназначуе за милосрдна сестра во болницата — Куманово. Р. Бр. 68.

Д-р Константина Градишка, до сега на работа како лекар при ГНО во Струмица се преназначуе за лекар во Земската болница — Скопје. Р. Бр. 69.

Д-р Панче Станчев до сега лекар при Градскиот Н. О. Штип граѓански се мобилизира и дава на работа на Окружниот Н. О. Штип. — Р. Бр. 70

Д-р Тома Јанев до сега на работа како референт на здравниот отдел при Градскиот народен одбор во Скопје, се дава на расположение на Земскиот завод за осигуруење на работниците. — Р. Бр. 70

Д-р Никола Шајбер, стоматолог на работа во здравниот отдел при Градскиот народен одбор — Скопје граѓански се мобилизира и дава на расположение на Градскот народен одбор — Скопје Р Бр. 71

Иван Марковски санитетски помошник до сега референт при Градскиот народен одбор — Тетово се назначуе за санитетски помошник во здравниот отдел при Градскиот народен одбор — Скопје. Р. Бр. 72.

Ефтим Групчев се назначуе за чиновник — администратор во здравствената станица при Градскиот народен одбор — Охрид. Р. Бр. 73.

Фанија Кузманова Ристовска, акушерка до сега на работа во Крушево се назначуе за акушерка во Здравствената станица при Околискиот НО Крушево. Р. Бр. 74.

Гроздана Иванова досега општинска акушерка во Кочани се назначуе за акушерка во Здраствената станица при Околискиот народен одбор — Кочани. Р. Бр. 75

Анка Девчиќ, акушерка при Градскиот народен одбор Тетово се назначуе за акушерка во здравствената станица при Градскиот народин одбор Тетово. Р. Бр. 76.

Софија Стаменова досега општинска акушерка Струмица се назначуе за акушерка во здравната станица при Градскиот народен одбор Струмица. Р. Бр. 77

Цветана Смилева милосрдна сестра во Куманово се преназначуе за милосрдна сестра во Окружната болница Штип. Р. Бр. 78.

Рахила Патоска акушерка до сега на работа како општинска акушерка во Прилеп се преназначуе за акушерка во здравствената станица при Градскиот народен одбор Прилеп. Р. Бр. 79.

Благородна Сарафова до сега акушерка во здравствениот оддел при Градскиот народен одбор Битола се назначуе за акушерка во Градската поликлиника Битола. Р. Бр. 80.

Надежда Чукчукова општинска акушерка во Кратово се преназначуе за акушерка во здравствената станица при Околискиот народен одбор Кратово Р. Бр. 81.

Надежда Симева до сега акушерка при здравниот оддел при Градскиот народен одбор Битола се назначуе за акушерка во Градската народна поликлиника Битола. Р. Бр. 82.

Др. Божидар Новиќ, грагјански мобилизиран од страна на Сојузното министерство и даден на расположеие на нашето мииистерство се дава на работа во Окружна болница Битола. Р. Бр. 83.

Александзр Крстев се назначуе за домакин и режисер на курсовите при Министерството. Р. Бр. 85.

Борис Андреев се назначуе за домакин на Окружната болница — Битола. Р. Бр. 86.

Слободка Христова Грчева се преназначуе за милосрдна сестра во Државната болница Битола Р. Бр. 87.

Совка Иванова се назначуе за служителка во Земскиот родилен дом во Скопје од 5 I 1946 год. Р. Бр. 88.

Иванка Попова се грагјански мобилизира за милосрдна сестра и се дава на работа на Здравниот одел при Градскиот народен одбор Скопје. Р. Бр. 69.

Грагјански мобилизираниот д-р Никола Божјак на работа при околискиот народен одбор Дебар се дава на работа на здравниот оддел при Околискиот народен одбор Гостивар. Р. Бр. 90.

Трајко Петров Наумов се назначуе за служител во Министерството на народното здравје Скопје — Р. Бр. 91.

Кирил Панев Трајковски, се назначуе за служител во Министерството на народното здравје — Скопје. — Р. Бр. 92.

Грагјански мобилизираниот Д-р Чедомир Јанкович од Савезното министерство на народното здравје се дава на расположење на Окружниот народен одбор Штип — здравствен оддел. — Р. Бр. 93.

Д-р Атанас Корнети лекар во Земската болница Скопје се преназначуе за лекар во здравствената станица при Градскиот народен одбор во Тетово во врска против пегавиот тифус. — Р. Бр. 94.

Данаил Конев се назначуе за магазионер во Земската болница Скопје. — Р. Бр. 95.

Кирил Илиев се назначуе за рентгено-техник лаборант во Земската болница Скопје. — Р.Бр. 96

Трајанка Тодорова Андонова се назначуе за малариолог во здравствената станица при Околискиот народен одбор Кавадарци. — Р. Бр. 97.

Димитар Димитровски, рентгено-техник лаборант се назначуе во противтуберкулозниот диспанзер при Окружниот народен одбор Битола. — Р. Бр. 98.

Др. Христо Кулишев лекар во Земската болница Скопје во интерес на службата се преназначуе за управител на Околиската болница во Прилеп. — Р. Бр. 99.

Др. Јурај Завинович до сега управител на Окружната болница Прилеп се назначуе за лекар во здравствената станица при Градскиот народен одбор Прилеп. — Р. Бр. 100.

Се назначуе Макса Мустафова Скепова за перачка во Акушерското училиште Скопе. — Р.Бр. 102

Нада Поповска се назначуе за чиновник-администратор во Здравниот оддел при Окружниот народен одбор Штип. — Р. Бр. 104.

Се назначуе Тодорка Илиева Богданова за служителка при Акушерското училиште Скопје — Р. Бр. 105.

Се ослободуе од должност по болест Дончо Ефремов обеззаразител во здравната служба во Штип. — Р. Бр. 107.

Зорка Авокатова сестра во Земската болница Скопје се преназначуе за сестра во Здравствената станица при Градскиот народен одбор Штип. — Р. Бр. 108.

Д-р Минчев Иван Христо, до сега управител на болницата во Кичево се преназначуе за референт на здравниот оддел при Околискиот народен одбор Кичево. — Р. Бр. 109.

Димитрије Клиповски се назначуе за писар во Државната болниц во Тетово. — Р. Бр. 110

Се назначуе Невена Христова за болничарка во Акушерското училиште Скопје. — Р. Бр. 111.

Киро Н. Титизовски се назначуе за регистратор при Министерството на народното здравје Скопје. — Р. Бр. 112.

На основание на Законот за грагјанската мобилизација на санитетските лица на Федеративна Народна Република Југославија грагјански се мобилизира Коца Андова, милосрдна сестра до сега на работа во маларичната станица Велес и се дава на работа во Земската болница Скопје. — Р. Бр. 113.

На основа на Законот за грагјанската мобилизација на санитарните лица на Федеративна Народна Реппублика Југославија грагјански се мобилизира Катарина Икономова, милосрдна сестра, до сега на работа во маларичната стница Штип и се дава на работа во Окружната болница Штип. — Р. Бр. 114.

Михајло Стојчевски, регент-техник лаборант се назначуе во противотуберкулозниот диспанзер при Окружниот народен одбор Штип. — Р. Бр. 115

На основание на Законот за грагјанската мобилизација на Федеративна Народна Република Југославија грагјански се мобилизира Апет Чаликијан дентист и се распоредува во здравствената станица при Градскиот народен одбор Велес. — Р. Бр. 117

Никола Василев Атанасовски се назначуе за шофер при Министерството на народното здравје Скопје. — Р. Бр. 118.

Се ослободуе од должност Олга Панасенко милосрдна сестра во интерес на службата. — Р. Бр. 119

Грагајнски мобилизираната Јелица Шинковец во Забната поликлиника Скопје се распоредува и се доделуе н работа во Забната поликлиника при Градскиот народен одбор Битола. — Р. Бр. 120.

Султана Александрова Хаџи Василева, милосрдна сестра, до сега на работа како микроскописка во Противмаларичната станица во Кавадарци, се дава на расположение на Земскиот завод за осигуруење на работниците во Скопје. — Р. Бр. 121

Грагјански мобилизираниот Др. Михалџич Слободан од Савезното министерство на народното

здравје се распоредува на работа како хирург во Земската болница Скопје. — Р. Бр. 122

Грагјански мобилизираниот Др. Стаменкович Константин од Савезното министерство на народното здравје и се распоредува на работа како очни лекар во Окружната болница Битола. — Р. Бр. 123

Стојка Степанова се назначуе за режисер по Бактеролошкиот институт Скопје. — Р. Бр. 124

Никола Василев Атанасовски се назначуе за шофер во здравниот отдел при Окружниот народен одбор — Велес. — Р. Бр. 126

Се ослободува од должност шеф на гинеколошко-акушерско оделение во Окружната болница Др. Иван Красњиха грагјански мобилизиран од Сојузното министерство на народното здравје и се дава на расположение на персоналното на истото Министерство. — Р. Бр. 127

Стефан Солески се назначуе за домакин на Околиската болница во Прилеп. — Р. Бр. 129

Во врска со спојувањето на механичките работилници на Земската болница и Министерството на народното здравје другарот Киро Димовски, техник во Земската болница се преназначуе за техник при Министерството на народното здравје — Скопје
Р.Бр. 130

Во врска со спојувањето дрворелската работилница на Земската болница и Министерството на народното здравје, другарот Димитар Јуруковски, дрводелец е преназначен при Министерството на народното здравје. — Р. Бр. 131

По потреба на службата се ослободуе од должност Орце Виларов до сега домакин на Окружната болница — Велес. — Р. Бр. 132

Димитрије Николовски, домакин во Прилепската болница по потреба на службата се ослободуе од досегашната должност. — Р Бр. 133

Во интерес на службата се ослободуе од секаква должност Серафим Иванов, болничар во Окружната болница — Скопје. — Р. бр. 134.

Д-р Никола Косич, лекар се назначуе за пом. управител на Земската болница. — Скопје. Р. Б. 135

Се назначуе Јован В. Гјоргјев за служител во минералната бања с. Неоорци — Гевгелиско
Р. Бр. 136

Се назначуе Карагјанов Ристо за служител во минералната бања с. Нагорци — Гевгелијско. Р.Бр.137

Се отменува решение бр. 499 од 19-XII-1945 г. Атанас В. Сиљановски се ослободува од должност писар во Здравствената станица при Градскиот народен одбор — Прилеп. — Р. Бр. 138

Се одредува за раководител на техничката работилница при Министерството на народнто здравје — Скопје, другарот **Франц Лебар**. — Р. Бр. 139

Се одредуе за раководител на дрводелската работилница при Министерството на народното здравје — Скопје, другарот **Томо Стевков**. Р. Бр. 140

Саво Алимпиевич се назначава за дезинфектор во Здравниот одел при Градскиот народен одбор Скопје.

Назначението да му се смета од денот кога ке стапи на должност. Р. Бр. 141

Д-р Павкович Миливоје, заболекар грагјански мобилизиран од Савезното министерство на народното здравје, се распоредуе и се дава на работа во забната амбуланта — Велес. Р. Бр. 142

Д-р Коста Чохаџич, грагјански мобилизиран лекар во Родилниот дом — Скопје се дава на работа во Окружната болница — Велес за шеф на Гинеколошко-акушерското оделение во истата. Р.Бр. 143

Д-р Кирил Радев, грагјански мобилизиран од срана на сојузното министерство, а на работа во Бактериолого-епидемиологискиот Институт во Скопје се дава на работа како лекар во Епидемиологиската станица — Штип. Р. Бр. 144

Александар Тодоров Атанасов се назначуе за писар во Земската болница — Скопје. Р. Бр. 150

ОГЛАСЕН ДЕЛ

СУДСКИ ОГЛАСИ

По барањето на Божин Илиев од Битола, се покрена поступак при овој суд за поништуење на потврда, издадена од Комисијата за разменае на окупаторските банкноти односно Македонската Стопанска Банка Скопе — Серија И. Бр. 140 на 14200 недикјеви динари и 14 албански франци.

Се покануе секој кој ја има горната потврда, да во рок од еден месеец од денот на објавуењето на овој оглас во Службен весник на Народна Република Македонија, истата ја донесе во овој суд, или да стави приговор против поништуењето. Во противен случај, след овој рок потврдата ке се огласи за поништена.

Од Околискиот народен суд во Битола, Бр. 128/46.

Бр. 59

На основание чл. 7, 15 и 20, од Законот за конфискациите, Тетовскиот народен суд во Тетово, објавуе, дека во исполнение пресудата на Војниот суд при Нишката воена област Суд. Бр. 298 и 304/45 год. попишот на движимиот и недвижимиот имот на осуденият Лазар Начев трг. од Скопје се извршиа на ден 7 февруари 1946 година од овој суд.

Согласно чл. 7 од цитираниот закон и неговото аутентичното толкование се канат кредиторите на горе осуденото лице да во рбк од 15 дена од објавеното во Службен весник на Народна Република Македонија, пријават на овој суд своjте барања.

Од Тетовскиот народен суд во Тетово, Бр. 1578 1945 година.

Бр. 60

При Околискиот народен суд во гр. Куманово по барањето на Околискиот народен фронт во гр. Куманово се покрена судски поступак за поништуење на потврдите издадени од финансовиот отдел при Кумановскиот градски народен одбор Бр. 1603 од 2 II 45 г. на 15.250 лева, Бр. 1270 од 6 I 1945 на 151.000 лева; Бр. 1 од 1 I 45 г. на 300.000 лева; Бр. 67 од 10. I 45 г. на 4.000 лева и Бр. 1350 од 6. I 45 на 5000 лева.

Се покануат лицата кои ги имат горните потврди да во рок од 15-петнаесет дена од објавеното на овој оглас на „Стужбениот лист на Народна Република Македонија" ги предаде на овој суд или да стават приговор за нивното поништуење. След овој рок потврдите ке се прогласат за поништени.

Од Околискиот народен суд во Куманово. **Р. Бр. 164/46.**

Бр. 61

Од Околискиот народен суд во Тетово бр. 91/46 г. вршен е попис на имотите: од Сефкета В. Русид, Иса Сеап Амет, Фариз Н. Емин А. Зибери, сите од село Милетино, поради това се покануат заинтересованите лица и повериоците да во рок од 15 дена пријават, поради осваруењето на своето приватно потражуење.

Од Околиски народен суд во Тетово, бр. бр. 41, 86, 87 и 88/46 година.

Бр. 62

Во смисол на чл. 28 на Зак· за конфискација извршен е попис на имотот од Гарипа Бејтула од село Копачиндол, поради това се покануат заинтересованите лица и повериоците да во рок од 15 дена пријават, поради остварувењето на своето приватно потражување·

Од Околискиот народен суд во Тетово, бр 1323/45 г.

63

Во смисол на чл. 28 на Зак· за конфискација извршен е попис на имотот од Сали Исмаил Ајредин од село Гјермол, поради това се покануат заинтересираните лица и повериоците да се во рок д 15 дена пријават поради остварувењето н своето приватно потражување.

Од Околискиот народен суд во Тетово, бр· 76/46 г.

64

По барањето на Околискиот народен фронт, покренат е поступок за поништување на потврдата издадена од Околискиот Финансов Отдел во Тетово, бр. 250 за (заменување) истеглување на окупаторските Бугарски банкноти сер. „Ч“ и „Ш“ на сума од 349.250 лева.

Се поканује секој, који е има горната потврда да во срок од 6 месеца од денот на објавување во службениот весник, истата е донесе во овои суд. или да стави приговор против поништуоњето. оти после овои рок потврдата ќе се огласи за поништена.

25 јануари 1946 година — Тетово.

Околиски народен суд — Тетово — бр. Р-7-/46 г.

65

По барањето на Атанас С. Крстоски, од село Теарце, покренат е поступок за поништување на потврда издадена од Околискиот н.о. финансов оддел во Тетово бр. 46 за и з т е г л у е њ е на окупаторски банкноти серија „Ч“ и „Ш“ на сума од 8250 лева.

Се поканује секој, који е има горната потврда да во рок од 6 месеца од денот на објавување во службениот весник истата е донесе во овои суд, или да стави приговор против поништуоњето. оти после овја рок потврдата ќе се огласи за поништена.

25 јануари 1946 година — Тетово.

Околиски народен суд — Тетово бр. 59/46

66

По барањето на Томо Маркоски, од гр. Тетово. покренат е поступок за поништување на потврдата издадена од Околискиот финансов одел во Тетово бр. 192 за изтеглување на окупаторски банкноти серија „Ч“ и „Ш“ на сума од 65.500 лева·

Се поканује секој, који е има горната потврда да во овои рок од 6 месеца од денот на објавување во службениот весник истата е донесе во овои суд, или да стави приговор против поништуоњето. оти после овој рок потврдата ќе се огласи за поништена.

25 јануари 1946 година — Тетово.

Околиски народен суд — Тетово бр. 1736

67

По барањето на Диме Бошковски, од гр. Тетово. покренат е поступок за поништување на потврдата издадена од Поштенска штедионица — Скопје, сер. „А“ број 006011 за изтеглување на окупаторски те банкноти и тоа 5·800 Бугарски левови и 4.584 — Алб. фр. а исплатено динара 5.000

Се поканује секој, који е има горната потврда да во срок од 6 месеца од денот на објавување во службениот весник, истата е донесе во овја суд, или овој рок потврдата ќе се огласи за поништена·

25 јануари 1946 година — Тетово.

Околиски народен суд — Тетово — Бр. 127

68

Во смисол на чл. 28 на Законот за конфискација извршен е попис на· имотот од Самија и син му Азири од село Теново, поради това се покануат заинтересованите лица и повериоците да во рок од 15 дена пријават, поради остварувењето на своето приватно правно потражување.

Од Тетовскиот ок. н. суд. Тетово

69

МАЛИ ОГЛАСИ

Изгубената војна книжица бр· 122.605 на име Микулунда Драго, командир на I чета на дисциплинскиот батаљон на V армија, ја огласуам за невалидна.

Микулунда Драго

19

С О Д Р Ж А Ј

Стр.

16, 17 и 18 Указ на НАРСМАК — — — — — — 23

19 Закон за уредување сопственоста на земјините поседи на сточарите — — — — — — — — 23

20 Уредба за формирање на Управата на државните купо-продајни дирекции претпријатија 24

21 Решење за укинување т. 2 на Решението на АСНОМ бр·134 — — — — — — — — — — — 24

22 Решење за создавање на аутомобилска работилница — — — — — — — — — — — — 24

23 Решение за укинување на Апотекарска комора сецији за Македонија — — — — 24

24 Решење за образување на Контролен одбор во фабриката за алкохолиди — — — — — 25

25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 Решења на министерството на нар. здравје за одземање на апотекарски концесии — — — — — — — — — 26

32 Правилник за организација на државна земјлод. машинска служба во Македонија — — 27

33 Напаствија за заступство — во Министерството на внатрешните работи — — — — — 29

34 Одлука за назначување на управата на Управата и купо-продајна дирекција и претпријатија — — — — — — — — — — — 30

35 Напатствија за издавање под закуп летни пасишта и сувати — — — — — — — — — — 31

36 Наредба за забрана за сеча на черничево дрво — — — — — — — — — — — — — 32

37 и 38 Наредби на Министерството на народното здравје — — — — — — — — — — — — 33

Го издава и редактира: Одделението за печат при Претседателството на Народната влада на Народна Република Македонија — Палата НАРСМАК — собабр. 12 — II етаж — Скопје.

Печати: Државна печатница „Гоце Делчев“ Скопје